# “СТРУЧЊАЦИТЕ“ ОД НАСТАВНИЧКИОТ ПЛЕНУМ

## РЕАКЦИЈА НА ЕДЕН ОД МНОГУТЕ „СТРУЧНИ“ СОВЕТИ“ ОД НАСТАВНИЧКИОТ ПЛЕНУМ

Не можеме а да не изреагираме на еден од безброј “стручни“ совети, анализи, реклами и слични текстови од кујната на неформалната група на Наставничкиот пленум објавен на нивната страна под наслов ,, Имам свое Јас, излегувам од СОНК“ од 12-12-2015 год., нивната забеганост и немање на никаква релација со реалноста, ја покажаа можеби и досега најдобро во споменатиот текст. Имено, тврдењето дека утврденото право во Колективните договори што ги има потпишано СОНК во делот за класното раководство, како и за должината на годишниот одмор, според нив не важеле бидејќи поинаку било предвидено во Законот за работни односи!!!

Да кажеме дека ни е жал што дури ни тоа не го знаат, нема така да направиме, зошто ниту со тоа не можеме да им помогнеме. Ама, ќе го кажеме тоа што е принцип во колективното договарање дека секаде во светот, се разбира и кај нас, а тоа е: – со колективни договори треба да се обидете да ги зголемите правата од работен однос што се утврдени со соодветни закони. А потпишаните колективни договори имаат сила на Закон и во правата што сте успеале да ги зголемите во однос на законите, тие одредби во колективните договори имаат повисока важност во однос на Законот во тој дел. Потпишаните колективни договори од страна на СОНК, колку и да не им е мило на Наставничките пленумци, важат исклучиво за членовите на СОНК и точка. Нека го прочитаат член 3 во било кој од колективните договори на СОНК и тогаш ќе им падне пајажината од очите.

А што да кажеме за ноторната лага, која може да конкурира и за лага на годината, дека коефициентите во делот за платите од

колективните договори:… ,, de facto коефициентот на сложеност од 3.5 престанува да важи и подоцна се заменува со 2.5”. Со тоа само покажуваат дека имаат помалку познавање и на најосновните, или најелементарните работи што треба да ги знаат од редот на општата писменост, а да не зборуваме што треба да знаете  што треба да си дозволите да учите некои други за кои мислите дека тоа не го знаат. Па, најмалку што треба да знаат е дека  систем на нето и систем на бруто плата е сосема, сосема нешто различно. Коефициентите од колективните договори од 2008 година се во нето износ, а со воведување на системот на бруто плати, истата висина на платите е претворена во износ на бруто коефициент, која е до денар во ист износ со нето платите.

Кога би било така како што тие напишале, тогаш платите од 2009 година би биле намалени за повеќе од 40% – каква гадост, во обид на перење на мозок.

А што да се каже за коментарите околу изборот за претседател на СОНК на 6-от Конгрес, како и повикот да се напушта СОНК затоа што не бил избран некој од нивните членови и кандидати што очекувале тоа да се случи. Ќе им препорачаме дека тоа можеби ќе им успее само со користење на нивниот спреј “магла“ за поттикнување за ртење на плевел,  произведено во лабораторијата на Наставничкиот пленум, ама само за зголемување на друштва слични на нив.

И како нешто за на крај, иако воопшто не сакаме со такви ниту почеток –  ниту крај, ама сепак имаат заслуги во потврдата дека покрај вселената, бескрајни се уште само глупостите и злобата!

# ОДРЖАН VI – от КОНГРЕС НА СОНК

## УСВОЕНА Е ПРОГРАМАТА ЗА НАРЕДНИТЕ ПЕТ ГОДИНИ И ЧЕТИРИ РЕЗОЛУЦИИ – ЈАКИМ НЕДЕЛКОВ РЕИЗБРАН ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОНК

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р.Македонија-СОНК, на 12-12-2015 година во Струга го одржа 6-от Конгрес, на кој од вкупно 120 избрани, присуствува 115 делегати, а како гости присуствуваа Министерот за образование и наука, Абдилаќим Адеми; заменик министерот за образование и наука, Спиро Ристовски; заменик министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов и заменик министерот за култура, Драган Недељковиќ. На Конгресот како гости присуствуваа и в.д. претседателот на Конфедерацијата на слободни синдикати, Благоја Ралповски и претседателот на Сојузот на синдикати на Македонија, Живко Митревски, како и единаесет делегации на синдикатите за образование, со кои СОНК долги години одржува блиски пријателски односи и кои се сите репрезентативни во своите земји и членки на Интернационалата за образование и тоа од: Словенија, Холандија, Србија, Босна и Херцеговина, Албанија, Црна Гора, Косово иТурција.
Конгресот беше отворен со интонирање на државната химна и химната на нашиот Синдикат – ,, Секогаш СОНК" , што всушност беше промоција на истата и која е прва и единствена химна на синдикатите во Р. Македонија. Химната беше громогласно прифатена од делегатите на конгресот, а со многу високи оценки за ,, Секогаш СОНК," дадоа и гостите од странските делегации, чиј заеднички коментар може да се сведе со изјавите – прекрасно, ќе се обидеме и ние нешто слично да направиме и за нашиот синдикат.

На Конгресот беа усвоени Извештајот за активностите на СОНК за претходните пет години, Програмата за работа на СОНК за наредниот петгодишен мандат, како и Резолуции за : Резолуција

за подигнување на степенот на социјалниот дијалог на сите нивоа ; Резолуција за довршување на колективното договарање за сите дејности (високото образование и науката и нов Колективен договор за култура); Резолуција за измени во Законот за основно и Законот за средно образование во делот за бројот на ученици во паралелки; Резолуција за измени на Законот за работни односи во делот на важноста на колективните договори.




Претседателот Неделков, како конгресен документ поднесе и поопширен Реферат пред делегатите, во кој посебно се задржа на согледаните слабости во работењето на СОНК во претходниот период, како и на позначајните прашања како предизвик за наредниот период. Неделков посебен акцент стави на социјалниот дијалог и тоа на сите нивоа, поаѓајќи од установите, единиците на локалната самоуправа, па се до ниво на државни ресори. Во контекст на тоа изрази задоволство од резултатите од социјалниот дијалог, особено помеѓу СОНК и МОН, наведувајќи конкретни примери како што се прашања сврзани со екстерното оценување, педагошката евиденција, прашањето со казните од страна на Државната просветна инспекција, кои во дијалог со МОН се решени со взаемно прифатливи решенија, а се од исклучителен интерес на вработените. Тој истакна дека

социјалниот дијалог е незаменлив и СОНК и натаму ќе му придава исклучително заначење на ова прашање, со постојан придонес за подигање на повисок степен ( отвори аудио-визуелна снимка).

Во поздравното обраќање на Министерот за образование, Абдилаќим Адеми рече дека МОН и СОНК и досега постигнале многу во насока на подобрување на социјалниот дијалог меѓу двете страни и истиот ќе продолжи во насока на донесување на нови и подобри решенија во интерес на вработените во овие дејности.



Мошне позитивни оценки за социјалниот дијалог и партнерство помеѓу СОНК и МТСП, даде заменик министерот Диме Спасов, посочувајќи го гранскиот колективен договор за градинките и заедничките заложби на СОНК и МТСП за реализирање во делот на платите, како и во врска со лиценцирањето на негователките и воспитувачите во градинките.

Позитивни оценки за социјалниот дијалог со СОНК искажа и заменик  министерот Драган Недељковиќ, кој истакана дека новиот Колективен договор за култура е пред потпишување помеѓу СОНК и Министерството, а е резултат на подолги и мошне сериозни преговори од двата партнери.

Исклучителни пофалби за СОНК искажаа и високите преставници на делегациите од пријателските синдикати од споменатите земји со заедничка оценка дека СОНК има исклучително висок авторитет на регионално и на европско ниво и преставува модел на синдикат од кој голем дел од нив земаат многу искуства од работењето на СОНК.

На крајот од работата делегатите на 6-от Конгрес, со само еден глас против, Јаким Неделков го реизбраа за претседател на СОНК за наредниот петгодишен мандатен период.

---

# СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА СОНК

## ЈАКИМ НЕДЕЛКОВ ЕДИНСТВЕН КАНДИДАТ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОНК

Советот на СОНК на седницата одржана на 28-11-2015 год. ги сумираше резултатите по предлозите од синдикалните организации и регионалните одбори на СОНК, за предлагање на можни кандидати за претседател на СОНК.

Врз основа на записниците од сите 20 регионални одбори на СОНК, Советот констатира дека сегашниот претседател на СОНК, Јаким Неделков е предложен во 15 регионални одбори ,како единствен кандидат. Во 4 регионални одбори предложени се по еден кандидат од секој од тие регионални одбори, а во еден регионален одбор, спротивно на Одлуката донесена од Советот на СОНК за Критериумите за предлагање и утврдување на кандидат(и) за  претседател на СОНК, меѓу кои и Јаким Неделков, а Советот , согласно споменатата Одлука, не ги прифати како легитимни.

Советот, всушност само го констатира резултатот од предлозите од синдикалните организации и регионалните одбори на СОНК и

согласно Одлуката и Статутот на СОНК, едногласно донесе Одлука, со која Јаким Неделков е утврден како единствен кандидат за претседател на СОНК.

Да напоменеме дека 6-от Конгрес на СОНК ќе се одржи на 12-12-2015 год.

---

# 3-ТА СЕДНИЦА НА СОВЕТ НА СОНК

## VI –от КОНГРЕС ТРЕБА ДА УСВОИ И ЧЕТИРИ РЕЗОЛУЦИИ

Советот на СОНК на 3-та редовна седница, која се одржа на 8-11-2015 година , ги усвои и Предлог текстовите на – Извештај за работата на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р.М. ( СОНК), за периодот октомври 2010 – јуни 2015 год. и Програма за активностите на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р.М. ( СОНК), за периодот октомври 2015 – октомври 2020 година, со претходно сумирање на јавната расправа во синдикалните организации на СОНК, која траеше повеќе од еден месец.

Двете работни групи, кои беа формирани од страна на Советот на СОНК со задача да ги прегледаат сите предложени забелешки, сугестии и предлози од сумираните извештаи , добиени преку Регионалните одбори на СОНК, констатираа дека најголемиот дел од синдикалните организации на СОНК, го поддржуваат Предлог-Извештајот, како документ кој реално ја отсликува активноста на СОНК во претходниот мандатен период.

Во врска со Предлог – Програмата, која во основа во сите синдикални организации, каде е водена расправата е прифатена како солидна основа за активностите на СОНК, за активностите

на СОНК во наредниот петгодишен мандатен период.

Во дел на синдикални организации дадени се предлози за дополнување на Предлог – Програмата со конкретни прашања, за кои работната група сметаше дека истите се дел од тековните активности на органите на СОНК и не треба да бидат дел од Програмата за целиот петгодишен мандат. Некои од предлозите не се во надлежност на СОНК, туку во надлежност на Федерација или Конфедерација на национално ниво и истите Советот на СОНК ќе предложи да влезат во Програмата на Конфедерацијата на слободни синдикати ( КСС ), за наредниот 5 – годишен мандатен период.

Советот на СОНК одлучи на дневен ред на VI –от Конгрес, да бидат покренати и четири многу важни прашања, кои се во надлежност на ресорните министерства, а за дел од нив има предлози од некои синдикални организации во расправата по однос на Предлог – Програмата. Имено, Конгресот ќе расправа и секако се очекува да бидат усвоени споменатите четири Резолуции и тоа:

**– Резолуција за подигнување на степенот на социјалниот дијалог на сите нивоа;**

**– Резолуција за довршување на колективното договарање за сите дејности ( високото образование, науката и нов Колективен договор за култура );**

**– Резолуција за измени на Законот за работни односи во делот на важноста на колективните договори;**

**– Резолуција за измени во Законот за основно и Законот за средно образование, во делот за бројот на ученици во паралелки .**

Советот одлучуваше и по неколку тековни прашања.

# ОДРЖАНА 2-ТА РЕДОВНА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА СОНК

## 6-ОТ КОНГРЕС НА СОНК ЌЕ СЕ ОДРЖИ ВО ОХРИД

На 9-10-2015 година, во Скопје се оддржа 2-та редовна седница на Советот на СОНК, на која беа усвоени ( согласно роковите утврдени со Статутот на СОНК) нови документи во врска со одржувањето на 6-от Конгрес на СОНК, како и одлуки по однос на тековни прашања.

Едногласно е одлучено 6-от Конгрес на СОНК, да се одрдржи во Охрид и тоа на 12-ти декември оваа година, како што претходно беше утврден споменатиот датум на 1-та редовна седница на Советот на СОНК.

Советот го утврди и Дневниот ред на Конгресот, кој произлегува од надлежностите на Конгресот, утврдени со Статутот на СОНК, а на истата седница утврдени се две работни групи кои ќе ја сумираат расправата од синдикалните и регионалните одбори на СОНК по : Предлог- Извештај за работата на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р.М. ( СОНК), за периодот октомври 2010 – јуни 2015 год и Предлог- Програма за активностите на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р.М. ( СОНК), за периодот октомври 2015 – јуни 2020 год.

Советот, по предлог на претседателот на СОНК, Јаким Неделков, едногласно донесе Одлука за упатување на покана за присуство во својство на гости на Конгресот, за највисоките преставници од ресорните министерства кои се социјални партнери на СОНК, репрезентативните федерации на синдикатите од Република Македонија, како и на преставници на синдикатите со кои СОНК

има воспоставено подолго време блиска соработка, а во тој контекст посебно Интернационалата за образование и Европската конфедерација на синдикатите за образование.

Советот расправаше и одлучуваше по Приговори доставени од двајца поранешни членови на Советот на СОНК, како и Приговор од страна членови од една синдикална организација на СОНК од Регионалниот одбор на СОНК-Чаир.

---

# СОВЕТОТ НА СОНК НА 05-09-2015 ГОД. ЈА ОДРЖА I-ТА СЕДНИЦА ВО НОВ СОСТАВ

## VI- ОТ КОНГРЕС НА СОНК ОДЛУЧЕНО ДА СЕ ОДРЖИ НА 12 ДЕКЕМВРИ 2015 ГОДИНА

Советот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура (СОНК) во нов состав, по извршените избори во Регионалните одбори на СОНК во 2015 година, ја одржа 1- та редовна седница.

На почетокот, претседателот на СОНК, Јаким Неделков, кој раководеше со работата на седницата, имаше воведно излагање за активностите на СОНК во врска со спроведување на Одлуката за распишување на редовни избори во синдикалните организации и регионалните одбори за 2015 година. Претседателот Неделков истакна дека во еден дел од синдикалните организации беа пробиени и крајните рокови за одржување на изборите во истите, со што се создадоа објективни причини за пролонгирање на изборите во регионалните одбори на СОНК, а со тоа и причина за неминовно пролонгирање на активностите за одржување на VI-

от Конгрес на СОНК. Исто така, од десетина синдикални организации на СОНК беа поднесени Приговори од група на членови на СОНК, со кои беше оспорена регуларноста на изборите и тоа беше дополнителна причина за одлагање на изборите во три регионални одбори на СОНК, а во два регионални одбори на СОНК поради годишните одмори и барање за пролонгирање на изборните состаноци од повеќе синдикални организации, сеуште не се извршени изборите во овие региони.

Советотна седницата утврди Предлог – Извештај за работата на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р.М. (СОНК), за периодот октомври 2010-2015 год., Предлог – Програма за активностите на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р.М. (СОНК), за периодот октомври 2015 – октомври 2020 год. и истите се ставени на расправа пред сите синдикални организации на СОНК, која ќе трае до 20 октомври 2015 година. Исто така, Советот на СОНК усвои Критериуми за предлагање на можни кандидати за претседател на СОНК, според кои синдикалните организации на СОНК ќе можат да дадат предлози за претседател на СОНК, кои согласно Критериумите ќе бидат сумирани на ниво на Регионален одбор, а потоа ќе бидат доставени до Советот на СОНК.

Согласно претходно наведените пролонгирања на изборните активности во синдикалните организации и регионалните одбори на СОНК, Советот на СОНК едногласно одлучи да се продолжи рокот за организирање и одржување на VI – от Конгрес на СОНК, да се одржи на 12 декември 2015 година.

---

# ЗАВРШИ ПОСЕТАТА НА

# ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ИНТЕРНАЦИОНАЛАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА СОНК

## ПОСЕТА ОД ИСКЛУЧИТЕЛНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА СОНК

Генераниот секретар на Интернационалата за образование, Фред Ван Ливен и потпретседателот на Европската Конфедерација на синдикатите за образование (ETUCE) и на холандскиот синдикат за образование (AOB), Волтер Дрешер, како што претходно најавивме беа во работна посета на СОНК на 1-ви и 2-ри овој месец.

По пристигнување во Скопје високите гости го разгледаа центаралното подрачје на главниот град, како и старата скопска чаршија. Искажаа дека Скопје многу бргу се гради и добива нов лик,  исто така го искажаа и восхитот од изгледот и зачуваноста и автентичноста на стариот дел – познат како скопска чаршија.

Вечерта беше организирана работна вечера со најтесното раководство на СОНК, на која гостите беа информирани за вкупните активности во СОНК особено последните месеци, а во тој контекст посебно за преговорите со Министерството за образование и наука по склучување на Спогодбата помеѓу СОНК и МОН на 3.02.2015 година и имплементација на договореното од истата. Беше разговарано и за натамошните активности на СОНК и во овој дел посебно околу изборните активности во нашиот Синдикат.

Вториот ден од посетата Фред Ван Ливен и Волтер Дрешер, во придружба на Претседателот Јаким Неделков и Генералниот секретар  Весна Неделковска, беа примени и разговараа во МОН со Министерот за Абдилаќим Адеми и заменик министерот Спиро Ристовски. Во разговорот кој траеше околу  час и половина беа

разгледани најактуелните прашања во доменот на образование, ставовите на МОН околу реформските зафати и посебно прашањето околу екстерното оценување, како и за социјалното партнерство и дијалог помеѓу МОН и СОНК. Генералниот секретар Фред Ван Ливен не го криеше задоволството за посетата на СОНК, со изјава дека СОНК е од исклучително значење за Интернационалата за образование и во последните 15-тина години Интернационата со големо внимание ги следи сите активности на СОНК во делот на образованието и безрезервно ја дава нивната поддршка на СОНК, бидејќи сите досегашни чекори што ги има направено СОНК, од нивна страна се оценети како исклучително значајни, а дел од нив предизвикале значајно внимание и кај другите синдикати за образование. Реформскиот курс на СОНК кој трае повеќе од една деценија има големо влијание и во градењето на Синдикатот во модерна организација, но исто и на вкупното демократизирање на општествениот систем во државата. Неспорниот мулти етнички карактер на СОНК е една од значајните одлики на оваа членка на Интернационалата за образование и пример за градење на современ начин на заедничко живеење, без разлика на националната или верската припадност. Тие се причините поради кои велиме дека СОНК има поголемо значење, а тоа што значи дека СОНК не е само класична организација на Синдикатот, туку ги надминува тие рамки..



Генералниот секретар, како и потпретседателот Дрешер го искажаа големото задоволство од Спогодбата, како и воспоставениот вистински социјален дијалог и го изразија своето убедување  дека образованието во Република Македонија е на вистински пат и дека МОН и СОНК заедно ќе изнајдат заеднички решенија за сите предизвици што стојат во натамошниот развој на образованието. Генералниот секретар го искажа своето убедување дека е убеден во тоа и МОН и СОНК се свесни и искрено се подготвени да продолжат во натамошното модернизирање, вклучувајќи го и во моделот на екстерното оценување.

Слични ставови искажаа и Министерот Абдилаќим Адеми и Заменик министерот Спиро Ристовски, вклучително и задоволството од социјалниот дијалог со СОНК, а истите ставови беа изнесени и на Прес-конференцијата по завршување на разговорите, искажани од страна на Фред Ван Ливен и Министерот Абдилаќим Адеми.

Делегацијата потоа беше примена во Владата на Република Македонија, каде што разговараа со потпретседателот на Владата Владимир Пешевски. Во отворена и пријателска атмосфера потпретседателот Пешевски го истакна посебното значење што

Владата го дава на образованието, задоволството од поддршаката што СОНК ја дава на сите зафати за подобрување на образованието, но исто спомена дека се свесни дека во одредени случаи се направени и погрешни чекори, пред се во брзината на спроведување на одредени реформски чекори. Потпретседателот Пешевски многу јасно го искажа и ставот дека СОНК е од исклучително значење на синдикален план во државата и секогаш ќе ја има поддршката на тој курс, посебно во социјалниот дијалог со Министерството за образование и наука.

Генералниот секретар на ЕИ и потпретседателот на ETUCE ги повторија истите ставови искажани во МОН и го изразија големото задоволство за приемот во Владата на Република Македонија, со желба сите надлежни субјекти да продолжат со градење на современ модел на образование, со стандарди што ќе бидат прифатени од страна на партнерите.

На крајот од посетата Фред Ван Ливен и Волтер Дрешер имаа работна средба и со претседателите на Регионалните одбори на СОНК од скопското подрачје на кој присуствуваше и потпретседателот на Советот на СОНК. На истата беа сумирани вкупните резултати од посетата, кои се оценети како исклучително значајни за натамошните активноисти и функционирањето на СОНК.

---

# ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ИНТЕРНАЦИОНАЛАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ВО ПОСЕТА НА СОНК

# ПОСЕТА ОД ИСКЛУЧИТЕЛНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА СОНК

Фред Ван Ливен, Генерален секретар на Интернационалата за образование (EI) на 1 и 2-ри јуни оваа година, во придружба на Претседателот на Холандскиот синдикат за образование (AOB), Волтер Дрешер, ќе престојува во четврта посета на СОНК во последните 10 години.

Интернационалата за образование (EI) е светска организација на синдикатите за образование во која членуваат 401 синдикати за образование од 172 земји, кои обединуваат над 30 милиони просветни работници. Нашиот синдикат беше примен за редовна членка на EI во 1998 година и тоа под уставното име на државата.

Со посебно задоволство СОНК памети и го истакнува големиот придонес што Интернационалата го има направено во поддршката на СОНК во изградба на современ, реформиран и вистинка организација на своето членство и посебна благодарност на сите членови кон Фред Ван Ливен, кој толку искрено и енергично е секогаш со нашиот Синдикат.

Генералниот секретар, Фред Ван Ливен претходната посета ја имаше на V-от Конгрес на СОНК во октомври 2010 година, на кој се обрати пред делегатите на Конгресот и не ги криеше своите искрени признанија кон СОНК, како и јасно искажаната поддршка на нашиот Синдикат во натамошните негови активности.

Четвртата негова посета, која ќе се оствари за 10-тина дена е нов израз на генералниот секретар на поддршката и признавање на активностите на СОНК, што сите нас од СОНК треба и секако многу ни значи, бидејќи сигурно дека сме еден од ретките синдикати од Интернационалата кои го имале тоа задоволство Генералниот секретар да биде нивни гостин, а во нашиот случај дури и по 4-ти пат за 10 години.

Големо значење има и доаѓањето од страна на Претседателот на AOB, нашиот докажан пријател Волтер Дрешер, кој по втор пат

доаѓа во посета на СОНК и кој е најзаслужен за огромната подршка што СОНК ја имаше од АОВ, особено во првите години на реформирање на СОНК од III-от Конгрес, одржан на самиот крај на 2001 година, кога финансиска подршка беа организирани стотици семинари за раководствата на СОНК од претседатели на синдикални организации до највисокото раководство, како и едукација на 20-тина членови на СОНК, кои потоа одржуваа едукативни семинари со најголемиот број на членови на нашиот Синдикат.

СОНК знае да го цени, почитува и памети вистинското пријателство и ова без дилеми посебно се однесува токму на Генералниот секретар Фред Ван Ливен, на холандскиот синдикат АОВ и секако со исто значење и Американската федерација на учители (AFT). Сите тие неизбришливо се вградени во најголемиот грански синдикат во Република Македонија, сигурно и еден од најголемите грански синдикати во целиот Регион, а тоа е токму нашиот СОНК.

---

# ПОТПИШАНА СПОГОДБА ПОМЕЃУ СОНК И МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА

## ПОТПИШАНА СПОГОДБА ПОМЕЃУ СОНК И МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА

Почитувани,
на следниот линк превземете ја спогодбата помеѓу СОНК и Министерството за култура:

Спогодба СОНК и Министерството за култура

# СОВЕТОТ НА СОНК ЕДНОГЛАСЕН: ТРПЕНИЕТО И КОРЕКТНОСТА НЕ СЕ БЕСКОНЕЧНИ

## СОВЕТОТ НА СОНК ВО ПРОШИРЕН СОСТАВ ГИ УСВОИ ДОКУМЕНТИТЕ ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА РЕДОВНИ ИЗБОРИ

Советот на СОНК во проширен состав на 27-та редовна седница ги усвои документите за распишување на редовни избори во синдикалните организации на СОНК; Спогодбата со Министерството за култура и расправаше и за други тековни и актуелни прашања од активностите на СОНК.

После подолго време на непримерно напаѓање на СОНК, без никаков основ и аргументација од страна на Синдикатот кој се јавува со скратено име МЕСО и тоа 10-тина години од неговото постоење исклучиво за да дава оценки што работи СОНК и во последните 2 месеци новоформираниот Наставнички пленум (не ни е јасно ама не ни е воопшто ниту битно) кога и каде се регистрирани за да можат да настапуваат пред јавноста како организирана група, Советот одлучи дека чашата е прелеана и крајно време е да има реакција од СОНК.



Веднаш стигна реакција од Наставничкиот пленум со нови напади, кои само ја потврдија оправданоста на Заклучоците на Советот на СОНК. Ги прашуваме само за неколку наведени тотално бесмислени, но за жал и невистини кои исто така ќе бидат предмет на судска постапка::

- Каде во текстот на документот од Советот од спомената седница го видоа името и презимето на претседателот на СОНК, Јаким Неделков, бидејќи неколкупати во нивното писание го нападнаа, дека документот тој го донел и дека се тоа лични негови Констатации и Заклучоци;;
- Во кој документ и со што ќе ја докажат лагата дека плаќаат 1% членарина на СОНК од својата плата и дека со таков износ располагал претседателот на СОНК;
- Кои им се аргументите дека Спогодбата помеѓу СОНК и МОН не решила ниту едно од Барањата, кои биле причина за Генерален штрајк на СОНК; agment–>
- Потврдуваат дека најголемиот дел од таа група се членови на СОНК и дека не вршеле никакви напади врз нашиот Синдикат, ама чисто од рекреативни побуди излегоа пред Министерството за образование и наука и токму таму да се занимаваат со Синдикатот, во кој како членови имаа и право, ама и обврска да предлагаат, да критикуваат, така како што е регулирано во Статутот – во синдикалните организации и во органите на СОНК на сите нивоа;

- Кој им го даде правото да се прогласат за супериорни во однос наситe останати членови на СОНК… (цитиран дел од нивното обраќање во дел од медиумите на 5.04.2015 година) ….“Наставничкиот пленум се создаде како критичка маса, како движење, како иницијатива на членството на СОНК, незадоволно од одлуката и политиката на СОНК. Таму се најдобрите луѓе во образовниот процес- практичари кои имаат наставно теоретски широки познавања за метеријата. Тоа се учени и образовани луѓе – Доктори на науки и магистри, луѓе со интегритет и авторитет, луѓе со кредибилитет, кои кажаа јавно што не е добро во образовниот систем.”
- Иако има уште многу што да напишеме во врска со однесувањето на Наставничкиот пленум, на крај ќе им помогнеме да им кажеме дека автор на толку познатите стихови, кои сме сигурни дека и најслабите ученици знаат кој е, – “колку сме толку сме – токму сме“ не е големиот Коневски, туку исто така големиот Гане Тодоровски.

А што се однесува до големиот Блаже Коневски, СОНК повеќе од една деценија синдикално го “игра“-Тешкото и исто така со број кој сосема одговара на споменатите стихови на Гане Тодоровски (се надеваме ќе се сфати пораката на претходното).

**П.С.** Самите членови на СОНК нека оценат какво е однесувањето на овие “супериорни“ наставници и впрочем каде беа сите овие изминати 20 и повеќе години, а особено последните 10-тина, туку баш сега кога СОНК покрена толку важни прашања и истите тврдиме ги решава со надлежните во државата, сега се појавија и порачаа ….“дека биле …. “!!!

На следниот линк превземете го документот: Констатации и заклучоци